# П Р А В И Л Н И К
# на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија
**(пречистен текст[1])**

## ПРВ ДЕЛ
## ОПШТИ ОДРЕДБИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА АРБИТРАЖАТА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува организацијата на Постојаниот избран суд-Арбитража при Стопанската комора на Македонија (во понатамошниот текст: Арбитража), надлежноста и составот на арбитражните судови и правилата на постапката пред Арбитражните судови во споровите со и без меѓународен елемент.

Член 2

(1) При Стопанската комора на Македонија дејствува Постојан избран суд – Арбитража (во понатамошниот текст: Арбитража).
(2) Арбитражата е независна во својата работа
(3) Седиштето на Арбитражата е во Скопје.
(4) Арбитражата има свој печат, којшто гласи: "Стопанска комора на Македонија - Постојан избран суд - Арбитража".

Член 3

Стопанската комора на Македонија (во натамошниот текст: Комора) обезбедува просторни и административно-технички услови за вршење на дејноста на Арбитражата.

---

[1] Пречистениот текст на Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанска комора на Македонија ги опфаќа: Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанска комора на Македонија бр. 07-1177/8 од 20.04.2011 година и Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанска комора на Македонија бр.3479/8 од 15.12.2011 година, донесени од Собранието на Стопанската комора на Македонија.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА АРБИТРАЖАТА

### Член 4

(1) Органи на Арбитражата се: претседателство, претседател и секретар на Арбитражата.
(2) Органи на Арбитражата се и арбитражните судови кои постапуваат во споровите пред Арбитражата или во врска со нив.

<u>Претседателство</u>

### Член 5

(1) Претседателството на Арбитражата се состои од девет членови: претседател, двајца потпретседатели и шест члена без посебни функции. Нив ги именува Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија за мандатен период од 5 години.
(2) За претседател и потпретседател на Арбитражата едно лице може да биде избрано најмногу два мандати едноподруго.
(3) Лицето кое два мандати во континуитет било именувано за претседател или потпретседател на Арбитражата, може да биде избрано за член на претседателството на Арбитражата.

### Член 6

(1) Претседателството на Арбитражата ги врши следните работи:

- врши општ надзор врз работата на арбитражата;
- се грижи за правилна примена на Правилникот на Постојаниот избран суд и другите општи акти на Арбитражата
- учествува во одлучувањето за надлежноста на Арбитражата
- одлучува за користење и распоредување на финансиските средства на Арбитражата
- ги разгледува и одобрува годишните извештаи на Арбитражата (извештај за работа и финансиски извештај) и планот за работа на Арбитражата за следната година
- врши други работи определени со овој правилник и со другите општи акти на Арбитражата.

(2) Претседателството на Арбитражата работи на седници што се одржуваат по потреба.
(3) Седниците на претседателството на Арбитражата ги свикува и со нив раководи претседателот на Арбитражата, а во негово отсуство го заменува еден од потпретседателите.
(4) Претседателството на Арбитражата може полноправно да работи доколку се присутни повеќе од половината членови на претседателството, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 7

Претседателот на Арбитражата:

- ги именува арбитрите и претседателите на арбитражните совети во случаите предвидени со овој Правилник;
- одлучува за изземањето на арбитрите;
- се грижи за одржување и за развивање соработка со други институции и организации, чија дејност е од интерес за работата на Арбитражата;
- ги потпишува спогодбите за соработка со други Арбитражни институции во земјата и во странство;
- поднесува годишна програма за работа на Арбитражата до Стопанската комора на Македонија;
- поднесува годишен извештај за работата на Арбитражата и годишен финансиски извештај на Арбитражата до Стопанската комора на Македонија
- врши други работи, одредени со актите на Арбитражата.

Член 8

(1) Претседателството на Арбитражата може на предлог на претседателот на Арбитражата да го пренесе на некој од потпретседателите или на некој друг член на претседателството извршувањето на одредени работи кои се во надлежност на претседателот на Арбитражата.
(2) Претседателството на Арбитражата најдоцна до истекот на секоја календарска година одредува еден од потпретседателите кој во текот на наредната календарска година ќе го заменува претседателот на Арбитражата.

Член 9

Потпретседателот на Арбитражата го заменува Преседателот кога тој е спречен да ги извршува своите должности.

<u>Почесен претседател</u>

Член 10

(1) Арбитражата може да има почесен претседател.
(2) Функцијата почесен претседател на Арбитражата е доживотна.
(3) Одлука за почесен претседател на Арбитражата донесува Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија.

<u>Секретар</u>

Член 11

(1) Арбитражата има секретар.
(2) Секретарот на Арбитражата го именува претседателот на Стопанската комора на Македонија.
(3) За Секретар на арбитражата може да биде избрано лице кое е дипломиран правник и кое активно се служи со англискиот јазик.

(4) Секретарот на Арбитражата е вработен во Стопанската комора на Македонија на неопределено време

Член 12

(1) Секретарот на Арбитражата:
- ја подготвува работата на Претседатеството и на Претседателот на Арбитражата и ги извршува нивните одлуки;
- ги превзема административните дејствија заради конституирање на арбитражниот суд и подготвување на расправањето во одреден предмет;
- се грижи за правилно извршување на заклучоците и другите одлуки на арбитражните судови,
- раководи со работите на секретаријатот;
- го подготвува годишниот извештај за работата, годишниот финансиски извештај и планот за работата на Арбитражата за следната година
- одговорен е за водење на библиотеката и документацијата на Арбитражата и за чување на архивата на Арбитражата;
- и врши други работи одредени со актите на Арбитражата.

(2) Во случај на спреченост на Секретарот, претседателот на Арбитражата одредува негов привремен заменик,

(3) Претседателот на Арбитражата е овластен да ги преземе сите работи што се во надлежност на секретарот на Арбитражата.

(4) Работите на секретаријатот ги вршат определен број вработени лица во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија, во согласност со актот за организација и систематизација на работењето на Комората.

Член 13

Претседателот, членовите на претседателството и секретарот на Арбитражата:
- ја следат примената на општите акти на Арбитражата, предлагаат измени, дополнувања или нови акти на Арбитражата во согласност со развојот на законодавството и арбитражната пракса,
- организираат и споведуваат врз основа на одлука на Претседателството на Арбитражата семинари, советувања, стручни разговори и други настани заради запознавање на стручната и поширопката јавност со работењето на Арбитражата,
- учествуваат на научни и стручни собири, подготвуваат и објавуваат стручни и научни трудови, информации и други написи за работата на Арбитражата и за арбитражниот начин на решавање на споровите
- вршат други работи за унапредување на работата на Арбитражата.

Член 14

(1) Претседателот, потпретседателите, секретарот и членовите на Претседателството на Арбитражата имаат право на надомест на трошоците и награда во врска со вршењето на нивните функции, во согласност со одлука на Управниот одбор на Комората.

(2) Налозите за исплата на надоместок на трошоците и награда на лицата од ставот 1 на овој член ги издава Претседателот на арбитражата.
(3) Налог за исплата на надоместокот на трошоци и награда за претседателот на Арбитражата издава еден од потпретседателите на Арбитражата.

Арбитражен суд

Член 15

"Арбитражен суд" при Арбитражата е арбитер поединец или арбитражен совет кој постапува и одлучува во еден конкретен спор.

Листи на арбитри

Член 16

(1) Арбитражата има две листи на арбитри од кои се избираат арбитрите поединци, членовите и претседателите на арбитражните совети. Тоа се:
- листата на арбитри за споровите со меѓународен елемент и
- листата на арбитри за споровите без меѓународен елемент.
(2) Листите на арбитри од ставот (1) на овој член ги утврдува Управниот одбор на Комората, на предлог на Претседателството на Арбитражата.

## ВТОР ДЕЛ
## АРБИТРАЖНИ ПРАВИЛА

### I. НАДЛЕЖНОСТ И СОСТАВ НА АРБИТРАЖНИОТ СУД

Надлежност на арбитражниот суд

Член 17

(1) Арбитражниот суд при Арбитражата е надлежен за решавање на одреден спор доколку странките тоа го договориле.
(2) Странките можат да договорат надлежност на Арбитражниот суд при Арбитражата за решавање на спорови за права со кои странките слободно располагаат и за кои со закон не е пропишана исклучива надлежност на судовите на Република Македонија.
(3) Претседателството на арбитражата може да донесе одлука со која ќе го отфрли решавањето на одреден спор дури и ако е договорена надлежност на арбитражен суд при Арбитражата, доколку арбитражната спогодба се однесува на права со кои странките не можат слободно да располагаат.

Член 18

(1) Пред арбитражниот суд на Арбитражата можат да се решаваат спорови со и без меѓународен елемент.

(2) Спорот е со меѓународен елемент во смисла на овој Правилник доколку:
а) барем една од странките, во времето на склучувањето на арбитражната спогодба, е физичко лице со живеалиште или трајно престојувалиште надвор од територијата на Република Македонија, или е правно лице чие седиште не е на територијата на Република Македонија или
б) местото каде треба да се изврши значителен дел од обврските на трговскиот однос или местото со кое предметот на спорот е во најтесна врска, не се наоѓа на територијата на Република Македонија.

Член 19

Странките можат спогодбено да отстапат од примената на одредбите на Арбитражните правила освен од одредбата од членовите 66 и 67 од овој Правилник, ако нивната спогодба не е во спротивност со присилните прописи на Република Македонија.

Член 20

(1) Доколку странките тоа го договориле, Арбитражата извршува само некои од активностите одредени во овој Правилник, а посебно:
- дејствува како овластен орган за именување на арбитрите кај т.н. “ad hoc” арбитражите и арбитражите кои ги спроведуваат другите арбитражни установи;
- дава административни и други услуги, организира рочишта и става на располагање простории и опрема за одржување на арбитражни постапки и мирење по правила различни од овој Правилник.
(2) Кога Арбитражата дејствува како овластен орган за именување во смисла на ставот 1 од овој член, соодветно се применуваат одредите од овој Правилник за именување на арбитри на арбитражен суд на Арбитражата.

Член 21

Ако во иста работа и меѓу исти странки е поведена парница пред суд на Република Македонија, арбитражниот суд може, ако најде дека за тоа постојат посебно важни причини, да одреди дека арбитражната постапка се прекинува додека не се заврши парничната постапка пред судот.

<u>Место на Арбитражата</u>

Член 22

Ако странките не се спогодиле поинаку, местото на арбитражата ќе биде Скопје. Арбитражата може да се состане и во било кое друго место што се смета за соодветно за советување меѓу своите членови, за сослушување на сведоците, вештаците или странките, или за преглед на стоки, на други работи или на исправи, освен ако странките не се договориле поинаку.

Јазик на Арбитражата

Член 23

(1) Постапката пред Арбитражата, по правило се води на македонски јазик.
(2) Странките можат да се спогодат постапката да се води на друг јазик.
(3) Доколку странките не се договориле поинаку, арбитерот-поединец односно, Арбитражниот совет веднаш по своето именување, го определува јазикот на којшто ќе се води постапката, при што особено ќе се земе предвид јазикот или јазиците на главниот договор од кој произлегува Арбитражата. Тој договор или одлука, ако во нив не е поинаку одредено, ќе се применува на сите писмени изјави на странките, усната постапка и на сите одлуки, решенија или други соопштенија на Арбитражата.
(4) Арбитражата може да им наложи на странките кон секој усмен доказ да приложат и превод на јазикот или јазиците за кои странките се договориле или го одредила Арбитражата.
(5) До моментот на утврдување на јазикот на постапката, тужбата, одговорот на тужбата и другите поднесоци можат да се поднесат на јазикот на главниот договор.

(6) Арбитражата определува преведувач на странката што не го познава јазикот на кој се води постапката, на нејзина сметка, независно од исходот на постапката.
(7) Ако странките не успеат да се договорат, ниту арбитрите успеат да го утврдат јазикот на Арбитражната постапка, јазик на Арбитражната постапка ќе биде македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Овластувања на секретарот на Арбитражата

Член 24

(1) Секретарот на Арбитражата може да присуствува на сите рочишта и седници на Арбитражата со кои се заседава и се гласа за донесување одлуки.
(2) Секретарот е должен да присуствува на рочиштата и седниците од став 1 на овој член, ако арбитерот-поединец или барем еден член од Арбитражниот совет не е дипломиран правник.
(3) Секретарот е овластен на арбитрите да им обрне внимание на правните прашања кои се од значење за одлучување, а особено на прашањата што се однесуваат на содржината и на формата на процесните дејствија што се преземаат.

Застапување и советување

Член 25

Странките можат да именуваат застапник (полномошник) или советник по свој избор. Имињата и адресите на тие лица странката мора писмено да ги достави непосредно до Арбитражата. Во соопштението странката е должна да означи дали именувањето се однесува на застапување или советување, а доколку нема таква ознака, ќе се смета дека именувањето се однесува на застапување.

Состав на арбитражниот суд

Член 26

(1) Странките можат да се договорат спорот да го решава арбитер-поединец или Арбитражен совет од тројца арбитри.
(2) Ако во арбитражната спогодба е предвиден парен број на арбитри, Претседателот на Арбитражата ќе именува дополнителен арбитер.
(3) Споровите чија вредност на предметот на спорот не надминува 30.000 евра ќе ги решава арбитер-поединец, освен ако странките најдоцна во рок од 15 дена по доставувањето на тужбата до тужениот изречно не се договориле спорот да го решава арбитражен совет.
(4) Споровите чија вредност на предметот на спорот надминува 30.000 евра ќе ги решава арбитражен совет, освен ако странките најдоцна во рок од 15 дена по доставувањето на тужбата до тужениот изречно не се договориле спорот да го решава арбитер-поединец.

Именување арбитер –поединец

Член 27

(1) Ако спорот го решава арбитер-поединец, странките се должни на секретарот на Постојаниот избран суд – Арбитража да му го достават името на арбитерот.
(2) Ако странките во рок од 15 дена од денот на предавањето на одговорот на тужбата до секретарот на Арбитражата, односно од денот на пропуштање на поднесувањето на одговорот на тужбата, не постапат во согласност со одредбата од став 1 на овој член, арбитерот-поединец ќе го именува Претседателот на арбитражата.

Именување на Арбитражен совет

Член 28

(1) Арбитражниот совет е составен од три члена.
(2) Ако странките не се договориле поинаку, арбитражниот совет се конституира на тој начин што тужителот именува еден арбитер во тужбата, тужената странка ќе именува еден арбитер во одговорот на тужбата, а Претседателот на Советот се именува од страна на Претседателот на Арбитражата.
(3) Ако странката во тужбата или во одговорот на тужбата не именува арбитер, секретарот на Арбитражата ќе ја повика во рок од 15 дена од приемот на барањето за именување арбитер, да именува арбитер.
(4) Ако некоја од странките пропушти да именува арбитер во рокот определен во ставот 3 на овој член, арбитерот наместо неа ќе го именува Претседателот на Арбитражата.

Член 29

Членот е избришан.

Член 30

(1) Арбитрите се избираат, по правило од листата на арбитрите на Арбитражата.
(2) Секоја странка може да избере арбитер и надвор од листата на арбитрите.
(3) Претседателот на арбитражниот совет секогаш се избира од листата на арбитрите.

Именување на арбитри во случај на сопарничарство

Член 31

(1) Ако во еден спор во иста улога на странка се појавуваат повеќе тужители или тужени (сопарничари), истите се должни претходно да се спогодат за именување, односно предлагање на заеднички арбитер.
(2) Ако странките од став 1 на овој член не постигнат спогодба или ако во своите одвоени поднесоци не одредат, односно не предложат за арбитер исто лице, наместо нив арбитерот ќе го именува претседателот на Арбитражата од листата на арбитрите на Арбитражата.

Известување за именувањето и прифаќање на именувањето

Член 32

(1) Секретарот на арбитражата ќе ги извести лицата кои се именувани за арбитри, за извршеното именување.
(2) Во рок од 10 дена од приемот на известувањето од ставот 1 на овој член, арбитерот ќе достави писмено известување до Секретарот на арбитражата за прифаќање на именувањето, а во спротивно ќе се смета дека го одбил именувањето.
(3) Ако арбитерот го одбие именувањето од странките, секретарот на Арбитражата ќе ја повика странката која го избрала во рок од 8 дена да предложи, односно да одреди друго лице за арбитер.
(4) Ако претседателот на арбитражниот совет или арбитерот именуван од Претседателот на Арбитражата согласно го одбие именувањето, Претседателот на Арбитражата е должен во рок од 8 дена да именува нов арбитер, односно претседател на арбитражниот совет.
(5) Секретарот на арбитражата го доставува до секоја од странките известувањето за прифаќање на именувањето за арбитер, во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето.

Независност и непристрасност на арбитрите

Член 33

Лицето кое би можело да стане арбитер, должно е на сите кои ќе му се обратат во врска со можноста за негово именување да им ја каже секоја околност што би можела да доведе до оправдано сомневање во неговата непристрасност или независност. Именуваниот или избраниот арбитер по именувањето и во текот на целата постапка должен е на странките да им ги соопшти тие околности, освен ако претходно веќе ги информирал за тоа.

Изјава за независност на арбитерот

Член 34

(1) При поднесувањето на известувањето за прифаќање на именувањето за арбитер до Секретарот на Арбитражата, именуваниот арбитер е должен да приложи и писмена изјава за независност.

(2) Во известувањето за независност од ставот 1 на овој член, именуваниот арбитер е должен да им ги открие на странките сите околности што можат да ја доведат во прашање неговата непристрасност и/ или независност, а особено:

- ако вршел било какви задачи или налози за некоја од странките, или
- ако има непосреден или посреден финансиски интерес во врска со решавањето на предметот, или
- ако има било какви доверливи информации кои се однесуваат на предметот на спорот, а кои ги дознал од извори надвор од арбитражната постапка, или
- ако располага со други информации кои се важни за зачувување на надворешниот изглед на непристрасноста.

(3) Известувањето за независност од ставот 1 на овој член, Секретарот на Арбитражата го доставува до секоја од странките, заедно со известувањето за прифаќање на именувањето од страна на односниот арбитер.

Изземање на арбитер

Член 35

(1) Изземање на секој арбитер може да се бара ако постојат околности што би можеле да доведат до оправдано сомневање во неговата непристрасност или независност, или ако арбитерот ги нема квалификациите за кои странките се договориле.

(2) Странката може да бара изземање на арбитерот кој што самата го именувала само од причина за која што дознала откако го именувала.

Член 36

(1) Странката која има намера да бара изземање на арбитерот, должна е во рок од 15 дена откако е известена за именувањето на арбитерот чие изземање се бара, или во рок од 15 дена откако дознала за околностите наведени во член 34 и 35 од овој Правилник да поднесе писмена изјава до Секретарот на Арбитражата за причините за кои бара изземање.

(2) За барањето за изземање мора да се известат другата странка и арбитерот чие изземање се бара, а може да бидат известени и другите членови на Арбитражниот суд. Известувањето мора да биде во писмена форма и мора да ги содржи причините за кои се бара изземање. Ако арбитерот, чие изземање се бара, не се повлече, или другата странка не се согласи со изземањето, одлуката за изземањето ќе ја донесе претседателот на Арбитражата.

Неизвршување или неможност
за извршување на должноста арбитер

Член 37

Ако арбитерот поради правни или фактички причини не е во состојба да ја извршува својата должност, или поради други причини не ја извршува во примерен рок, неговиот мандат престанува ако се повлече од таа функција или ако странките се договорат за нејзиното престанување. Доколку странките не се договорат за која било од овие причини, секоја странка може да побара од Претседателството на Арбитражата да донесе одлука за престанок на мандатот на арбитерот.

Именување заменик на арбитерот:

Член 38

Кога мандатот на арбитерот ќе му престане врз основа на член 36 и 37 од овој Правилник, или поради неговото повлекување од должност поради која било друга причина, или поради отповик на неговиот мандат врз основа на договор на странките, или во кој било друг случај на престанок нанеговиот мандат, ќе биде именуван заменик на арбитерот, согласно со правилата кои биле во примена при именувањето на арбитерот кој се заменува.

Повторување на расправата во случај
на измена на составот на Арбитражниот совет

Член 39

(1) Ако во текот на постапката дојде до измена на составот на Арбитражниот совет, расправата се повторува.
(2) Во согласност со странките, Арбитражниот суд може да одлучи расправата да не се повторува.
(3) Ако е избран или именуван нов арбитер-поединец, расправата мора да се повтори.

Пресумпција за одрекување на правото на приговор

Член 40

(1) Во постапката пред Арбитражата и пред Арбитражниот суд, странките имаат право да поднесуваат приговори во врска со примената на правилникот,

толкувањето, прашањата на договорените одредби за надлежноста на Арбитражниот суд и друго.
(2) Странката која знае дека некоја одредба на овој Правилник или некој услов кој произлегува од арбитражниот договор не е почитуван, па и покрај тоа продолжи да учествува во арбитражната постапка, или, ако во предвидениот рок не приговори, ќе се смета дека се откажала од правото на приговор.

## V. ПОВЕДУВАЊЕ И ТЕК НА АРБИТРАЖНАТАПОСТАПКА

### Член 41

(1) Ако со овој Правилник поинаку не е одредено, Арбитражата може да ја спроведува постапката на начин што го смета за најсоодветен, под услов со странките да се постапува рамноправно и во сите стадиуми на постапката на секоја странка да í биде дадена можност да ги изнесе своите факти, правни наоди, барања и гледишта.
(2) Арбитражниот суд одлучува дали ќе се одржи или ќе се води рочиште, врз основа на исправите и другиот процесен матерјал, поради сослушување на сведоците, вештаците или на странките.
(3) Сите поднесоци, исправи или други информации кои едната странка ќе ги предаде до арбитражниот суд, ќе се доставaт до другата странка. На странките ќе им се достави секој извештај на вештак, доказна исправа врз која арбитражниот суд би можел да ја заснова својата одлука.

<u>Почеток на арбитражната постапка</u>

### Член 42

(1) Ако странките не се договориле поинаку, арбитражната постапка се покренува со тужба.
(2) Тужбата се предава до Арбитражата и мора да ги содржи наредните податоци:
а) полно име на странките (фирма и седиште на правното лице, запишани во Централниот регистрар на Република Македонија или друг регистар поткрепени со доказ од соодветниот регистар и нивен застапник или полномошник ако го имаат);
б) адреса на странките, телефон, телефакс и адреса на електронско сандаче за прием на писмена
в) тужбеното барање;
г) факти врз кои се базира тужбеното барање;
д) докази;
ѓ) арбитражната спогодба, ако е склучена;
е) име на арбитерот;
ж) ознака за вредноста на предметот на спорот
з) потпис на подносителот, односно електронски потпис.
(3) Кон тужбата мора да се приложи препис на главниот или на арбитражниот договор (ако тој не е содржан во главниот договор), ако такви исправи постојат.
(4) Тужителот, кон тужбата треба да ги приложи сите исправи коишто ги смета за важни или може да се повика на исправи или на други докази што има намера да ги поднесе.

Член 43

(1) Секретарот на Арбитражата ја доставува тужбата и нејзините прилози до тужениот и го наведува рокот за поднесување на одговор на тужба. Одговорот на тужбата се поднесува во седиштето на Арбитражата, а секретарот на Арбитражата го доставува заедно со прилозите до тужителот и до арбитражниот суд.
(2) Одредбите од член 42 став 2 и 4 се однесуваат и на одговорот на тужбата.

Член 44

Ако странките поинаку не се договориле, во текот на арбитражната постапка, секоја странка може да ја измени или да ја дополни својата тужба или одговорот на тужбата, освен во случај кога Арбитражниот суд смета дека не е целисходно да се дозволат такви промени, со оглед на одолговлекувањето кое би го предизвикало нивното задоцнето преземање, или на штетата којашто би можела да ја претрпи другата странка, или со оглед на други околности.

<u>Противтужба</u>

Член 45

Тужениот се до заклучувањето на расправата, може, да поднесе до Арбитражата потивтужба или да истакне приговор поради пребивање во облик на противтужба, ако противтужбата, односно приговорот произлегуваат од правниот однос кој е опфатен со арбитражната спогодба.

<u>Рокови</u>

Член 46

(1) Роковите што ги одредува Арбитражниот совет за поднесување на поднесоците не би требало да се подолги од 30 дена. Арбитражниот совет може да ги продолжи роковите, ако најде дека таквото продолжување е оправдано.
(2) Во смисла на овој Правилник, роковите почнуваат да течат наредниот ден по примањето на одлуката, соопштението или предлогот.
(3) Ако последниот ден на рокот паѓа на државен празник или во неработен ден, во живеалиштето или седиштето на адресантот, рокот се продолжува до првиот нареден работен ден. Државните празници или неработните денови што паѓаат во рокот, се пресметуваат во рокот.

Член 47

(1) Ако во рокот што ќе го одреди Арбитражниот совет, тужениот пропушти да поднесе одговор на тужбата, не наведувајќи за тоа оправдани причини, постапката пред Арбитражниот суд продолжува.
(2) Ако едната од странките, откако уредно биде известена според овој Правилник, а не дојде на расправа, не наведувајќи за тоа оправдани причини, Арбитражниот суд може да донесе одлука врз основа на доказите со кои располага.

Заклучување на расправата

Член 48

(1) Кога Арбитражниот совет смета дека предметот е расправен, така што може да донесе одлука, ќе соопшти дека расправата е заклучена и после тоа Арбитражниот совет ќе се повлече на заседавање и гласање поради донесување одлука.
(2) Арбитражнот совет може во текот на заседавањето и гласањето да одлучи, заклучената расправа повторно да се отвори ако е тоа потребно, поради дополнување на постапката или разјаснување на важни прашања.

Достава на писмени соопштенија

Член 49

(1) Ако странките поинаку не се договориле:
- ќе се смета дека писменото соопштение е примено на оној ден кога ќе биде предадено на адресатот лично или ќе биде доставено до неговото седиште, постојано престојувалиште или поштенска адреса. Ако ниту едно од овие места не може да се утврди откако е направено разумно истражување, писменото соопштение ќе се смета за примено со неговото предавање на последната позната адреса на седиштето, постојаното престојувалиште или седиште на адресатот, со препорачано писмо со повратница, преку електронска пошта, телеграма, телекс или телефон, ако може да се обезбеди датумот кога писменото соопштение е примено или на друг начин со кој може да се потврди дека бил направен обид за достава;
- писменото се смета дека е примено на денот кога е доставено.

(2) Врз основа на писмена согласност на секоја од странките, содржано во писмена изјава или во записник од рочиште пред арбитражниот суд, писмените соопштенија на странката која се согласила со тоа, можат да и се достават нејзе или на нејзиниот застапник или полномошник и на адресата на електронското сандаче, преку секретарот или друг службеник во Арбитражата. Под истите услови, секоја од странките и вештаците може да доставуваат до Арбитражата писмени соопштенија на адресата на електронското сандаче на Арбитражата.
(3) Доколку странката одредила свој полномошник, сите покани и писмени соопштенија му се доставуваат на полномошникот, во согласност со ставовите 1 и 2 од овој член.
(4) Се смета дека доставувањето на писменото соопштение е извршено и тогаш кога странката или нејзиниот полномошник одбива да го прими, за што се составува писмена белешка.

Член 50

Тужбата, одговорот на тужбата, прилозите со тужбата, односно одговорот на тужбата со прилози, други поднесоци и прилози коишто странката во текот на постапката ги упатува до арбитражниот суд, односно до Арбитражата, се поднесуваат со посредство на секретарот на Арбитражата во доволен број примероци за сите противници и за сите арбитри.

Докажување и доказни средства

Член 51

(1) Арбитражниот совет, може, ако смета дека е тоа неопходно, да побара од странката, во рок што ќе го одреди Арбитражниот совет да испрати преглед на исправите и другите докази, коишто како странка сака да ги предочи, поради утврдување на спорните факти изнесени во тужбата или одговорот на тужбата.
(2) Во текот на арбитражната постапка, Арбитражниот совет, во секое време може да побара од странките да поднесат исправи или други докази што ќе ги одреди Арбитражниот совет.

Член 52

(1) Ако странките поинаку не се договориле, арбитражниот суд може:

- да именува еден или повеќе вештаци да му поднесат наод за фактите и мислење за одредени прашања кои ќе ги утврди самиот арбитражен суд. Преписот на налогот којшто Арбитражниот совет му го дава на вештакот се доставува до странките и
- да побара од странките да му ги дадат на вештакот сите релевантни информации или да му ги поднесат сите релевантни исправи, или заради преглед да му овозможат пристап на вештакот до сите релевантни исправи, стоки или други предмети.

(2) Странките се должни да им ги дадат на вештаците сите известувања или да им ги стават на увид важните документи или стоката што тие ќе ја побараат. За секое несогласување помеѓу некоја странка и вештакот во поглед на важноста на бараните известувања се известува Арбитражниот суд за тој да одлучи за тоа.
(3) Кога ќе го прими извештајот од вештакот, Арбитражниот совет доставува негов препис и до странките, и исто така ќе им овозможи за него писмено да се изјаснат. Странките се овластени да ја прегледаат секоја исправа на којашто вештакот се повикува во својата изјава.
(4) На барање на една од странките, вештакот може, откако ќе поднесе извештај, да биде сослушан на расправа на која странките можат да присуствуваат и на која на вештаците можат да им поставуваат прашања. Секоја странка е овластена на таква расправа да доведе други вештаци за да дадат свој исказ за спорните прашања.
(5) Одредбите за изземање на арбитер и за неизвршувањеили неможност за извршување на должноста арбитер од овој Правилник  се применуваат и за вештакот.

Усна и писмена постапка

Член 53

(1) Ако странките поинаку не се договориле, ќе се одржи усна расправа.
(2) Ако се одржува усна расправа, арбитражниот суд е должен благовремено да ги извести странките за датумот, часот и времето на одржување на расправата.
(3) Ако е потребно да се сослушаат сведоци, секоја странка е должна најмалку 15 дена пред расправата да ги поднесе до Арбитражниот суд и до другата странка

имињата и адресите на сведоците кои сака да ги понуди, и да го соопшти предметот на сведочење и јазикот на кој ќе се сведочи.
(4) Арбитражниот суд ќе се погрижи за превод на усните изјави на расправата и за водењето записник за рочиштето, ако смета дека тоа е потребно, со оглед на околностите на случајот, или ако странките за тоа се договориле и го соопштиле тоа на Арбитражниот суд најмалку 15 дена пред одржување на расправата.
(5) Ако странките поинаку не се договорат, арбитражната постапка не е јавна.
(6) Арбитражниот суд може да побара сведокот или сведоците да се оддалечат за време на исказите на другите сведоци. Арбитражниот совет може да го одреди начинот на кој ќе се сослушуваат сведоците.
(7) Сведоците можат да дадат свои искази и во вид на писмени изјави што ги потпишале.

Записник

Член 54

(1) На расправата се води записник кој се составува на тој начин што претседателот на арбитражниот совет или арбиерот-поединец, гласно му кажува на записничарот што да внесе во записникот.
(2) Записникот го потпишуваат арбитрите, записничарот и странките, односно нивните застапници или полномошници.
(3) Ако една од странките одбие да го потпише записникот, претседателот на арбитражниот совет или арбитерот поединец го констатира тоа во записникот.
(4) Записничарот го одредува секретарот на Арбитражата.

Член 55

Арбитражниот суд одлучува кои натамошни поднесоци треба да ги бара од странките, односно кои поднесоци странките можат да го поднесат и го утврдува рокот на нивното поднесување.

Привремени мерки за обезбедување

Член 56

(1) Ако странките поинаку не се договориле, арбитражниот суд може, на барање на една од странките, со привремена мерка за обезбедување да и наложи на која било од странките да преземе одредена мерка која Арбитражата ја смета за потребна според предметот на спорот. Арбитражата може да побара од која било странките да даде соодветно обезбедување во врска со таквата мерка.
(2) Ако странката на која се однесува привремената мерка не се согласи истата доброволно да ја изврши, тогаш странката на чијшто предлог таа мерка е наложена може да се обрати до надлежниот суд заради нејзино спроведување.

Форма и содржина на арбитражната одлука

Член 57

(1) Арбитражниот совет донесува арбитражна пресуда и други одлуки со мнозинство гласови.
(2) Со арбитражна пресуда се решава за суштината на спорот.
(3) За процесните прашања одлучува арбитерот-поединец или претседателот на арбитражниот совет.
(4) Арбитражната пресуда мора да биде потпишана од арбитерот-поединец или од членовите на арбитражниот совет. Во арбитражната постапка со повеќе арбитри доволни се потписите на мнозинството членови на арбитражниот совет, со тоа што мора да бидат наведени причините зошто недостасува некој од потписите на арбитрите.
(5) Во арбитражната пресуда мора да се наведат причините врз кои таа е заснована, освен ако странките не се спогодиле да не се дава образложение или ако се работи за арбитражна пресуда врз основа на спогодба или порамнување, во согласност со член 63 од овој Правилник.
(6) Во арбитражната пресуда се наведува датумот и местото на донесување.
(7) По донесувањето на арбитражната пресуда, на секоја од странките се доставува по еден препис кој го потпишале арбитрите во согласност со став 3 од овој член.
(8) Ако странките поинаку не се договориле, доставувањето на арбитражната пресуда се врши според одредбите од членот 49 од овој правилник.

Пресуда

Член 58

(1) Арбитражната пресуда е конечна и ги обврзува странките. Странките се обврзуваат пресудата да ја извршат без одлагање.
(2) Арбитражниот суд е должен да ја образложи арбитражната пресуда, освен ако странките не се договорат дека образложение не е потребно.
(3) Арбитражната пресуда може да се објави само во солгасност на двете странки.

Делумна пресуда

Член 59

Освен конечната пресуда, Арбитражниот совет може да донесе и делумна арбитражна пресуда, доколку еден дел од тужбеното побарување е доспеано.

Толкување и исправка на пресудата

Член 60

(1) Во рок од 30 дена од приемот на арбитражната пресуда, секоја странка може, известувајќи ја за тоа другата странка, да побара од Арбитражниот совет толкување на одредено место или дел од пресудата.
(2) Ако арбиражниот суд смета дека барањето е оправдано, ќе даде толкување на арбитражната пресуда, во писмена форма во рок од 30 дена од приемот на барањето. Толкувањето е составен дел на пресудата.

Член 61

(1) Во рок од 30 дена од приемот на пресудата, секоја странка може, известувајќи ја за тоа другата странка, да побара од Арбитражниот совет во арбитражната пресуда да ја исправи секоја пресметковна, писарска, печатна грешка или која било грешка од слична природа.
(2) Арбитражниот суд по сопствена иницијатива може да ја исправи секоја грешка наведена во ставот 1 од овој член, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на пресудата.
(3) Ако арбитражниот суд смета дека барањето е оправдано, исправката на пресудата ќе ја изготви во писмена форма, во рок од 30 дена од приемот на барањето.

Дополнителна пресуда

Член 62

(1) Во рок од 30 дена од денот на приемот на арбитражната пресуда, секоја странка, може, известувајќи ја за тоа другата странка, да побара од Арбитражниот суд да донесе дополнителна пресуда за барањата за кои Арбитражниот суд пропуштил да одлучи.
(2) Ако Арбитражниот суд оцени дека таквото барање на странката е оправдано, ќе донесе дополнителна пресуда во рок од 60 дена од приемот на барањето за донесување на истата.
(3) Одредбите од член 61 од овој правилник се применуваат на исправката, толкувањето на арбитражната пресуда или за дополнителната пресуда.

Решавање на спорот со спогодба

Член 63

(1) Ако во текот на постапката, странките се порамнат за спорот или го решат со спогодба, Арбитражниот суд ќе ја запре постапката, и ако тоа двете странки го побараат, Арбитражниот суд донесува арбитражна одлука врз основа на порамнувањето, односно спогодбата.
(2) Арбитражниот совет не е должен таквата пресуда да ја образложи.
(3) Ако пред донесување на пресудата продолжувањето на арбитражната постапка стане непотребно или невозможно од причини различни од оние од став 1 на овој член, Арбитражниот совет е должен да ги извести странките за својата намера постапката да се заклучи. Арбитражниот совет е овластен да донесе заклучок за завршување на постапката само ако странката или странките на тоа од оправдани причини не приговараат.
(4) Арбитражниот суд на странките ќе им достави препис од одлуката за заклучување на арбитражната постапка или препис од пресудата донесена врз основа на став 1 на овој член.

Завршување на арбитражната постапка

Член 64

(1) Арбитражната постапка се завршува со донесување арбитражна пресуда или со заклучок за завршување на постапката, во согласност со став 2 од овој член.
(2) Арбитражниот суд донесува заклучок за завршување на постапката во следните случаи:

- ако тужителот ја повлече својата тужба, освен ако тужениот приговори на тоа, а арбитражниот суд смета дека тужениот има оправдан интерес да се донесе конечна одлука за спорот;
- ако странките се договориле за завршување на постапката;
- ако арбитражниот суд оцени дека продолжувањето на постапката, од кои било причини станало непотребно или невозможно.

(3) Мандатот на арбитражниот суд престанува по донесувањето на арбитражна пресуда или заклучок за завршување на постапка, освен во случаите кога се изготвува исправка, толкување или дополнителна пресуда кога мандатот на арбитражниот суд престанува со донесувањето на соодветната арбитражна одлука за исправка, толкување или дополнување на пресудата. Во случај на поднесување тужба за поништување на арбитражната одлука, мандатот на арбитражниот суд престанува со донесувањето на сооветната одлука со завршетокот на расправата или со преземање на дејствие со кое се елиминираат основите за поништување.

Член 65

Против арбитражната пресуда не е дозволен правен лек пред арбитражен суд од повисок степен.

Член 66

Во споровите без меѓународен елемент странките не можат да изберат меродавно право за решавање на суштината на спорот.

## IV. ПОСТАПКА НА ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА СПОГОДБЕНО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 67

На барање на една од странките, во рамките на наделжностите од арбитражата може да се спроведе постапка на спогодбено решавање на спорот. За постапката за спогодбено решавање на спорот не е неопходно постоење на исправа за спогодба за Арбитража.

Член 68

Барање за покренување постапка за спогодување се поднесува до секретарот на Арбитражата, кој од спротивната страна ќе побара, во рок од 30 дена од доставувањето да се изјасни по тоа барање. Ако спротивната страна е против

постапката за спогодување, или во одредениот рок не се изјасни, се смета дека постапаката за спогодување не успеала.

Член 69

(1)Ако спротивната страна се согласи со предлогот за спроведување на постапка за спогодување, претседателот на Арбитражата одредува еден арбитер или некое друго лице за посредник.

(2)Посредникот ги испитува наводите и предлозите на странките, а по потреба собира одредени известувања и ги сослушува странките.
(3)Посредникот изготвува писмен предлог за спогодба и го доставува до странките.

Член 70

(1) Ако странките склучат спогодба, нејзината содржина се внесува во записник којшто го потпишуваат странките и лицето кое посредувало.
(2) Записникот за извршеното спогодување има сила на правосилна судска одлука.

Член 71

(1) Ако странките не успеале да се спогодат, се смета дека постапката за спогодување не успеала.
(2) Изјавите на странките дадени во постапката за спогодување, а која не успеала, немаат значење во подоцнежните арбитражни постапки.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 72
(1) Органите на Арбитражата избрани според досегашните прописи остануваат на функцијата до денот на избор на органите на Арбитражата согласно овој Правилник.
(2) Одредбите за ограничување на правото на повторен непрекиден избор во одредени органи на Арбитражата ќе се применуваат на изборите и именувањата кои ќе се вршат по стапувањето во сила на овој Правилник.

Член 73

Започнатите постапки пред Арбитражата при Стопанската комора на Македонија до денот на влегувањето во сила на овој правилник, ќе се завршат согласно Правилникот на  Постојаниот избран суд (Арбитража) при Стопанската комора на Македонија бр. 07 - 2962/3 од 16.10.2007 година и другите општи акти донесени врз основа на Законот за Стопанската комора на Македонија (Сл. Веник на РМ бр. 89/04), Статутот на Стопанската комора на Македонија и правилникот наведен во овој член.

Член 74

(1) Правилата за трошоците во постапката пред Арбитражата (награди на арбитрите, патни трошоци, административни трошоци, авансирање на трошоците за изведување на докази и други трошоци), ги утврдува Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија.
(2) Трошоците ги определува Арбитражата во правичен износ, земајќи ја предвид вредноста на спорот, сложеноста на предметот на спорот, потрошеното време на арбитрите и другите релевантни околности во врска со спорот.

Член 75

Со стапувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот на Постојаниот избран суд (Арбитража) при Стопанската комора на Македонија бр. 07-2962/3 од 16.10.2007 година.

Член 76

Овој правилник се објавува на огласна табла во Комората и на веб-порталот на Стопанската комора на Македонија во рок од три дена од денот на донесувањето и влегува во сила од денот на објавувањето.

Претседавач,
Антони Пешев, с.р.

Бр. 07-3479/9
15.12.2011 год.
С к о п ј е